Македонски Хералд

Macedonian Herald

Број 5 јули 2011

July 2011 Issue 5











Знамето на Република Македонија (1992 - 1995) / Flag of the Republic of Macedonia (1992 - 1995)

In the search of a new flag

In 1995, in the course of the negotiations about the Interim agreement with the Hellenic Republic, a political decision was made to determine the new flag of the Republic of Macedonia. This hard task was entrusted to prof.d-r Miroslav Grcev. For the first time, he tells the story of the road to the new design

Во потрага по ново знаме

Во 1995 година, во текот на преговорите за Времената спогодба со Република Грција се наложи политичката одлука да се утврди новото знаме на Република Македонија. Тешката задача му беше доверена на проф. д-р Мирослав Грчев.Тој за првпат раскажува за патот кон новиот дизајн



Знамето на Република Македонија (1995 - сега) / Flag of the Republic of Macedonia (1995 - now)









Во овој број

Во потрага по новото знаме
Мирослав Грчев 3

Истакнување и веење на знамето на Р. Македонија
Петар Гајдов 7

Знамињата на општините во Република Македонија
Стојанче Величковски 13

Вексилологија (втор дел)
Александар Гижаровски 19

Воена хералдика
Иван Нацевски 22

Орден "Илинден 1903"
Петар Гајдов 24

Македонски хералдички терминолошки речник 26

Активности на МХЗ 27

Хералдички регистер 28

In this issue

In the search of a new flag
Miroslav Grcev 3

Displaying and flying the flag of the R. of Macedonia
Petar Gajdov 7

The municipal flags in the Republic of Macedonia
Stojance Velickovski 13

Vexillology (part two)
Aleksandar Gizarovski 19

Military heraldry
Ivan Nacevski 22

Order "Ilinden 1903"
Petar Gajdov 24

Dictionary of Macedonian heraldic terminology 26

Activities of MHS 27

Heraldic registry 28

Од Уредникот

Повод за излегување на петтиот број на Македонски хералд е 24 Конгрес на Меѓународната федерација на вексилолошки друштва (FIAV) кој ќе се одржи од 1 до 5 август 2011 во Вашингтон, САД. Во текот на конгресот ќе се одржи и Генералното собрание на кое Македонското хералдичко здружение треба да биде примено во полноправно членство. Пред кандидатурата да биде разгледана ќе биде извршена презентацијана на МХЗ. Затоа овој број донесува повеќе написи поврзани со вексилологијата.

Ексклузивно, проф. д-р Мирослав Грчев конечно ја раскажува приказната за „новото" македонско знаме од 1995 година, за процесот преку кој се стигна до иденото решение, како и почетната позиција, како и за обидот синхронизирано да се дојде до решение и за грбот на Република Македонија. Потоа следува и написот за употребата на знамето на Република Македонија со нагласок на употреба на пловила. Покрај рубриката за вексилологија, овој број донесува и напис конкретно за македонската муниципална вексилологија.

Продолжува и рубрика за македонските одликувања со најстарото македонско државно одликување кое сè уште не е доделено, орденот „Илинден – 1903".

Editorial

The occasion for publishing of this fifth number of Macedonian Herald is the 24 Congress of International Federation of vexillolgy societies (FIAV) which will be held 1 to August 5, 2011 in Washington, USA. During the congress the General Assembly will be held where the Macedonian Heraldry Society should be granted full membership. As part of the application there will be a presentation of MHZ. Therefore, this issue brings more articles related to vexillology.

Exclusive, prof. Dr. Miroslav Grcev finally tells the story of the "new" Macedonian flag in 1995, the process through which reached the solution and initial position, and synchronized effort to reach a solution to the Coat of Arms of Macedonia. Then follows an article on the use of the flag of the Republic of Macedonia with an emphasis on the use of weasels. In addition to Phaeleristics section, this issue brings an article specifically about the Macedonian municipally flags.

Reading continues about decorations of Macedonian with section of the oldest Macedonian state decoration, which has not yet been granted, Order "Ilinden - 1903".

На корицата

4 предлози за грб и знаме, базирани на ист дизајнерски концепт на проф.д-р Мирослав Грчев, кои отпаднаа по втората селекција.

On the cover

4 proposal for Arms and flag, based on the same design concept by prof.d-r Miroslav Grčev, that were dropped out after the second selection.

Македонско Хералдичко Здружение
Петар Манџуков 113/6
1010 Скопје, Македонија
+389 2 (0)70 252 989
heraldika.org.mk
info@heraldika.org.mk

Macedonian Heraldry Society
Petar Mandzukov 113/6
1010 Skopje, Makedonija
+389 2 (0)70 252 989
heraldika.org.mk
info@heraldika.org.mk

Уредник: Јован Јоновски
Лектура: Евгенија Стојанова
Технички уредник: Александар Гижаровски

Editor: Jovan Jonovski
English Editor: Melwyn Jeremiah
Technical editor: Aleksandar Gizarovski

Дигитална верзија на ова издание
Digital version of this issue
heraldika.org.mk/MKHerald-5.pdf

Мирослав Грчев

Во потрага по новото знаме

Доцното лето 1995 година бев ангажиран од Владата на Република Македонија да направам студија со идејно графичко решение за ново државно знаме. Од првата фаза на студијата требаше да произлезат повеќе различни идејни решенија на знамето, од кои - во интеракција со нарачателот - ќе се избереше едно кое ќе биде прифатливо за сите политички актери во тоа време. Како резултат на оваа студија требаше да биде и идејното графичко решение за новиот државен грб, чиешто донесување во Собранието чекаше веќе неколку години како обврска од Уставниот закон. Во договор со нарачателот, идејното графичко решение на државниот грб требаше да биде секундарен „производ“ и да го содржи истиот мотив и стилизација како и знамето. Работата требаше да се заврши за непристојно кусо време, за помалку од еден месец, а политичката атмосфера во која се водеа преговорите за Привремената спогодба со Република Грција налагаа на графичкото решение да се работи во целосна дискреција. Координатор на проектот и „програмски директор“ кој одлучуваше во име на нарачателот беше тогашниот министер за внатрешни работи Љубомир Фрчкоски.



Програмски рамки

Во одредувањето на програмските рамки најтешко беше да се одбегне фрустрацијата од политичкиот притисок за смена на државното знаме и негативната програмска дефиниција на новиот дизајн: знамето да не наликува на претходното. Од друга страна, најважно за успешниот дизајн беше да се обезбедат програмски инваријанти, кои на новото знаме ќе му обезбедеа тематски, визуелно-симболички и идентитетски континуитет со претходните државни знамиња. Овие програмски одлуки ги сметавме за conditio sine qua non на потрагата по новото државно знаме:

1. Новото графичко решение мора да се темели на истите бои како и во претходните државни знамиња - крваво црвена основа со златно жолта апликација, и
2. Новото знаме мораше да го содржи графичкиот симбол на сонцето како единствена апликација.

Перзистирањето на симболот на сонцето како единствен мотив на новото државно знаме требаше

Miroslav Grčev

In the search of a new flag

By the end of the summer of 1995 I was hired by the Government of the Republic of Macedonia to make a study, along with a graphical solution for a new state flag. The plan was to come up with several different ideas for the new flag in the first phase of the study, from which – in collaboration with the client –one would have been chosen which would have been acceptable for all actors on the political stage at the time. As a result of this study, a graphical solution of a new state coat of arms should have also been created, whose adoption by the Assembly, as an obligation from the Constitutional law, was already several years late. In an agreement with the client, the graphical solution of the state coat of arms was to be a secondary “product” and it had to contain the same motif and stylization as the flag. The work had to be done in an indecent amount of time, less than a month, and the political atmosphere in which the negotiations for the Interim Agreement with the Hellenic Republic (Greece) were held required that all the work was to be done in complete discretion. The coordinator of the project and the “program director” who made the decisions in the name of the client was the Minister of Internal Affairs at that time, Ljubomir Frchkoski.

The framework

The most difficult part in determining the project framework was to avoid the frustration over the political pressure about changing the national flag, and the negative definition of the new design: it had to differ significantly from the previous one. On the other hand, the most important thing for a successful design was to provide the invariables which would secure the thematic, visual, symbolic and identity continuity with the previous national flags. These decisions were considered as ‘conditio sine qua non’ of the search of a new flag:

1. The new flag must have the same colors as the previous national flags – a blood-red base with a golden-yellow application, and
2. The new flag had to include the graphical symbol of the sun as a unique application.

The persistency of the symbol of the sun as a unique motif on the new national flag was to provide symbolical continuity with both the Star of Kutlesh (from which the

да обезбеди симболички континуитет и со ѕвездата од Кутлеш (на која новото сонце не смееше да наликува!), но и со ѕвездата петокрака (која е - да не заборавиме - ѕвезда како и сонцето) со која се роди македонската држава педесет години порано.

Потрага по новото сонце

Ликовно графичкото истражување го почнав со истражување на сите вексилолошки решенија кои содржат графичка интерпретација на симболот на сонцето. За разлика од широко прошиpеното мислење дека решението треба да биде плод на оригинална и никогаш видена креација, новото македонско сонце произлезе од анализата на најуспешните графички стилизации на сонцето употребени во државните знамиња од поновата светска историја и од проценатa кој дизајн ќе обезбеди најлесна прифатеност од страна на граѓаните на Македонија. Од друга страна, избирајќи стилска инспирација од поновото вексилолошко минато, сакав новиот државен симбол да има историја веќе од денот на неговото ново раѓање, но и цврста линија на идентитетски континуитет. Тоа беше можно само доколку се усвои и приспособи графичко решение кое долго време се употребува во симболичкиот јазик на хералдиката и вексилологијата, а на кое граѓаните макар потсвесно навикнале.

Од истражувањето произлегоа 12 графички решенија на знаме со централен мотив на сонцето, кои можат да се поделат во четири стилски групи според начинот на ликовната интерпретација на сончевиот симбол. Тоа беа: (1) група на сончеви дискови без зраци како што се знамињата на Јапонија, Кореја, Бангладеш, Нигер, Лаос и други; (2) сонца со триаголни краци одделени од дискот како што се знамињата на Тајван, Казахстан, Малави и други; (3) сонца со средновековни запчести краци како што се знамињата на Аргентина, Етиопија, Малезија, Уругвај и други; и (4), сонца со зраци кои радијално се шират од дискот како што се знамињата на Филипини, Аризона, Тибет и други.

Графичките решенија ги изработував во по еден примерок, како макети за презентација, во техника на колаж од сечена колорирана самолеплива фолија на хамер. Знамето го работев во композициски формат 1:2, а грбот беше разработуван во хералдички графички јазик на триаголен варјашки штит, кој стана познат како класичен штит.

Од многуте варијанти кои ги разработував со професионална еквидистанца, најмногу ми прирасна за срце несомнено најоригиналното и најавангардното решение, кое го направив врз основа на идеја на мојот другар по туш и перо Лазо Плавевски. Тоа беше кружен сончев диск, чиј дијаметар е поголем од широчината на знамето, па дискот како да „излегува“ new sun had to be different), and the five pointed star (which is, not to forget, a star just like the sun is) with which the modern Macedonian state was born some fifty years ago.

Searching for the new sun

I started the graphic research by examining all the vexillological solutions which include a graphical interpretation of the symbol of the sun. In spite of the widely distributed opinion that the solution must be a product of an original and never-before seen creation, the new Macedonian sun has emerged from the analysis of the most successful graphical stylizations of the sun, used in the national flags from recent world history, and the evaluation of which design would provide a painless acceptance by the citizens of Macedonia. On the other hand, browsing for a stylized inspiration from the recent vexillological past, I wanted the new state symbol to have history already at the first day of it's new birth, and also to respect identity continuity. It was only possible that I adopt and adjust a graphic solution which is used in the symbolic language of heraldry and vexillology for a long time, and which the citizens are used to, even if subconsciously.

Twelve possible solutions arose from the research, flags with a central sun motif, which can be divided into four stylistic groups, depending on the way of artistic interpretation of the sun symbol. The first one was a group of sun discs without rays, like the flags of Japan, Korea, Bangladesh, Niger, Laos and others; then, suns with triangle rays separated from the disc, such as the flags of Taiwan, Kazakhstan, Malawi etc.; the third group was comprised of suns with medieval wavy rays like the ones on the flags of Argentina, Ethiopia, Malaysia, Uruguay etc.; in the end, suns with rays radially spreading from the disc like the flags of the Phillipines, Arizona, Tibet and others.

I produced the graphic solutions in one sample per proposal, as presentation maquettes, in collage from cut adhesive colored foil on carton paper. They were made in a composition format of 1 : 2, and the coat of arms was designed in a heraldic graphic language, on an Old French escutcheon, also known as a classical shield.

From all the variants made with a professional's equidistance, the one that grew up to my heart was, undoubtedly, the most original and most avantguard solution, made on the basis of an idea by my friend by ink and pen, Lazo Plavevski. It was a round sun disc whose diameter was larger than the height of the flag, so that the disc "exits" the flag, thus creating a dynamic impression of the sun's expansion and dividing the flag in a three-field format. Of course, this personal favorite, as well as many other suns, was discarded after two subsequent selections, after which only suns with continous radial rays spreading to the ends of the format were left. I think that the clutch point in the choice of the sun with radiant rays was that this stylization had the most chances of mass acceptance,

од знамето создавајќи динамичен впечаток на ширење на сонцето и претворање на знамето во формат со три полиња. Се разбира, и ова мое интимно миленичe и сите други сонца отпаднаа по две последователни селекции, по кои останаа само сонца со континуирани радијални зраци кои се шират до границите на форматот. Мислам дека пресудно во изборот на сонцето со радијални зраци беше тоа што оваа стилизација имаше најголеми шанси за масовно прифаќање бидејќи истата графичка претстава на сонцето грее од нашиот државен грб уште од 1946 година.

Обликување на сонцето со радијални зраци

Избраната графичка интерпретација на симболот на сонцето со осум радијални зраци требаше да се вообличи во дефинитивно графичко решение. Првите разработки беа во вид на сонце со четири дебели ортогонални и четири тенки дијагонални зраци. Оваа крстовидна варијанта на сонцето излегуваше интуитивно од моите раце поради фактот што хиерархизацијата на зраците подобро ја структурираше композицијата на знамето, подобро го „држеше“ форматот. Но, крстовидната стилизација на сонцето добиваше христијански конотации, а грбот заличуваше на штитовите на крстоносците Темплари, што беше сосем неприфатливо за нашата мултикултурна држава. На крајот од процесот на дизајнирање на знамето беше јасно дека зраците мора да бидат со иста широчина и да оддаваат впечаток на симетричност, радијалност и хармонија. Меѓутоа, решението има вградени структурални проблеми зашто - доколку доследно се спроведува принципот на дијагоналните зраци - композицијата на знамето сосем се менува со промена на неговиот формат (во различни



Шест од првите дванаесет предлози за знаме - *долу:* предлог за претседателско знаме/
Six of the first twelve flag proposals - *down:* proposal for the President's flag

since the same representation of the sun shines on our state emblem since 1946.

Formation of the sun with radiant rays

The chosen graphic interpretation of the symbol of the sun with eight radial rays was to be formed into a definite graphic solution. The first works had a sun with four wide orthogonal and four narrow diagonal rays. This cross-shaped variant of the sun came out intuitively from my hands out of the fact that the hierarchization of the rays had structurized the composition of the flag. It "held" the format better. But, the cross-shaped stylization gained Christian connotations, and the coat of arms looked like the escutcheons of the Templar crusaders, which was totally unacceptable for our multicultural state. In the end of the design process, it was clear that the rays must have equal width, and they must give out an impression of symmetry, radialness and harmony. However, the solution has integral structural problems, because if we consistently implement the principle of the diagonal rays, the flag composition completely changes with the change of it's format (in different applications). This integral weakness of the radial stylization comes because of the discrepancy between the symmetrical circular shape of the sun (from which logically emerges the central symmetrical nature of the radiant rays) on the one hand, and the asymmetry of the rectangle, on the other hand. Even more, this asymmetry is augmented by elongation of the format, and so the sun is even more deformed. I solved this structural compositional problem of the radiant sun with two interventions: the first one being the adoption of the 3 : 5 format, or in the end 5 : 8, which is an approximation of the "golden ratio" in which the sun is much less deformed than in the 1 : 2 format. The second "invisible", but essential constructive intervention is the displacement of the rays' center, thus creating more centers distributed along the perimeter of a small regulatory rectangle in the disc with the same "golden ratio" of its sides.

апликации). Оваа вградена слабост на радијалната стилизација доаѓа поради дискрепанцата помеѓу симетричната кружна форма на сонцето од која логично произлегува централносиметричната природа на радијалните зраци - од една страна, и асиметричноста на правоаголниот формат - од друга. Уште повеќе, оваа асиметричност се зголемува со издолжувањето на форматот, па сонцето е се' подеформирано колку што форматот се издолжува. Овој структурален композициски проблем на радијалното сонце го решив со две интервенции: првата е усвојување на форматот 3:5 или на крајот 5:8, што е апроксимација на „златната" пропорција во која сонцето многу помалку се деформира од форматот 1:2. Втората невидлива но суштинска конструкциска интервенција е изместувањето на центарот на зраците од средината на кругот создавајќи повеќе центри разместени по периметарот на мал регулаторен правоаголник во дискот со истиот „златен" сооднос на страните. Вака конструкциски и композициски уредено, сонцето зрачеше со хармонија и свежина, која требаше да ја совлада очекуваната инерција и отпор при прифаќањето.



Конструкциска шема од последниот предлог / Construction scheme of the last proposal

Усвојување на знамето со фалинка

Графичките решенија на државното знаме и државниот грб, изработени во еден примерок - како макети, му ги предадов на Претседателот на државата Киро Глигоров кон крајот на септември 1995 година, ден пред првично закажаната седница на Собранието на РМ на која тие требаше да се усвојуваат. Седницата на Парламентот беше одложена - очигледно поради ноќната кавга околу државните симболи помеѓу политичките партиципиенти во тогашната законодавна власт, а неколку дена подоцна, по усвојувањето на новото државно знаме, ме пресретнаа две изненадувања: сознав дека државниот грб воопшто не дошол на дневен ред, а дека донесеното знаме не е урамнотежената финална верзија во „златна" пропорција, туку првичното сирово решение во форматот 1:2. Згора на тоа, некој, очигледно во последен момент, ги одвоил зраците на сонцето од дискот и ги оставил пресечени несмасно да се шират како штици. Јасно ми беше дека дизајнот беше жртва на ноќна „политичка дебата" во која „компромисот" беше очигледно игнорантско нагрдување на графичкото решение реализирано таа ноќ буквално „на колено".

Од тој октомври следам внимателно кога во нашата земја ќе се создаде свест за неопходноста од техничка и дизајнерска, практично естетичка корекција на државното знаме и неговото ликовно хармонизирање. Го чекам тој момент упорно и непоколебливо, иако забележувам дека естетичката корекција - како по проклетство или судбински инает - кај нас има толку помалку шанси да добие политичка поддршка, колку што од стручен аспект таа е пологична и понеопходна.

Оригиналните цртежите се векторизирани од Александар Гижаровски/ The original drawing have been vectorized by Aleksandar Gižarovski

Being structurally and compositionally edited like this, the sun radiated with harmony and freshness which was supposed to overcone the expected inertia and resistance on the path to its adoption.

Adopting the flag with a fault

I handed over the graphic solutions of the national flag and state coat of arms, produced in one sample – as maquettes, to the President of the State, Kiro Gligorov at the end of September 1995, one day before the initially scheduled session of the Assembly of the Republic of Macedonia, at which they would have been adopted. Session of Parliament was postponed - apparently because the night quarrel about national symbols among political participants in the Parliament, and several days later, after the adoption of the new national flag, I was surprised to find two things: first, the coat of arms has not even come up on the agenda, and the second that the adopted design was not the balanced final version in the "golden ratio", but the first raw solution in the 1 : 2 format. Moreover, someone, evidently at the last moment, had separated the rays from the sun's disc, and left them cut away, spreading as planks. It was clear to me that the adopted design was a "victim" of an overnight "political debate" in which the "compromise" was an evident and ignorant uglification of the graphical solution, realised that night "on the fly".

Ever since that October I am carefully following the situation, and I'm waiting for the moment when there will be born a consciousness of the need of a technical, practically aesthetic, correction of the national flag, and it's artistic harmonization. I am waiting for that moment persistently and unhesitantingly, even though I note that an aesthetic correction, as a curse or faith's spite, has as little chance to gain political support, as much as, from an expert's point of view, it is more logical and necessary.

Петар Гајдов

Истакнување и веење на знамето на Р. Македонија

Знамето претставува еден од основните симболи на државата, па оттука сосема разбирливо, постојат одредени правила и правно регулирани процедури околу начинот на неговото истакнување и веење.

Република Македонија спаѓа во редот на земји во кои државното знаме се користи и на копно и на вода. Според постојната законска регулатива во Република Македонија не постојат посебни знамиња – стандарден знак за претседателот на републиката, претседателот на парламентот и претседателот на Владата. Се надевам дека наскоро оваа пракса ќе се смени, односно дека овие институции покрај државното знаме ќе го користат и нивниот стандарден знак.

Знамето на Република Македонија постојано е истакнато врз или пред објектот во кој е сместена резиденцијата на претседателот на републиката, врз или пред објектот во кој се наоѓа Собранието на Република Македонија, врз или пред објектот на Владата на Република Македонија и на објектите во кои се сместени министерствата. Исто така знамето на Македонија се истакнува на определени објекти на границата на Република Македонија и на други објекти во Република Македонија во близина на границата, според посебни прописи и во други случаи, под услови и на начин утврдени со закон или со друг пропис.

Знамето на Република Македонија се употребува како ознака на воздухоплови, бродови или други пловила, како и на други јавни превозни средства, заради означување на нивната припадност на Република Македонија, под услови и на начин утврдени со соодветни прописи.

Овде ќе се осврнам на Правилникот за начинот на истакнување и веење знаме („Службен весник на РМ“ бр. 156 од 26.12.2007 година). Со овој правилник во основа е уреден начинот на истакнување и веење знаме на бродови и други пловни објекти. Според овој правилник, знамето на бродовите, освен на бродовите што пловат на едра, се истакнува на крмено знамено копје, а доколку нема крмено знамено копје, знамето се истакнува на знамена сошка. Доколку знамето не може да се истакне на крмено знамено копје или на знамена сошка, а на бродот има еден или повеќе јарболи, знамето се истакнува на крмениот јарбол.

Бродовите што пловат на едра, а коишто немаат крмено знамено копје, знамето го истакнуваат на знамена сошка на крменото едро, а ако бродот има само еден јарбол, знамето се истакнува на сошка на главното едро. На бродови со едра без сошка

Petar Gajdov

Displaying and flying the flag of the R. of Macedonia

The flag is one of the main symbols of the state, hence quite understandable, there are certain legal regulations and procedures governing the way of displaying and flying flag.

Macedonia is one of the countries where the national flag is used both on land and on water. According to existing legislation in Macedonia there are no special flags - dedicated signs of the President of the Republic, of the Parliament and of the Government. Hopefully that will soon change, and these institutions may eventually get their standards to be used besides the state flag.

The flag of the Republic of Macedonia is permanently displayed on or in front of the building of the Residence of the President of the Republic, on or in front of the building of the Assembly, on or in front of the building of the Government of the Republic of Macedonia or on or in front of the buildings of the Ministries. Also the flag of Macedonia is displayed on certain facilities at the border or close to the border of Macedonia, according to special regulations, and in other cases, regulated by law or other regulations.

The flag of the Republic of Macedonia is used as an indication of aircraft, ship or other vessel, and other public transportation means, for marking their affiliation to the Republic of Macedonia, under the terms and conditions stipulated by relevant regulations.

At this point we will elaborate the Regulation on the manner of displaying and flying the flag (Official Gazette no. 156 of the 12/26/2007). This Regulation is basically regulating the display of the national flag on ships and other vessels as their ensign. According the Regulation, the ensign, except for sail-ships, are displayed on the ensign staff, and if there is no ensign staff, the flag is displayed on the gaff. If the flag can not be displayed at the ensign staff nor the gaff, and the ship has at least one mast, the ensign is displayed on the rear mast.

The sail-ships, which are not equipped with the ensign staff, the ensign is displayed on the rear gaff, and if the ship has only one mast, the ensign is displayed on the main gaff. The sail-vessels without gaff pole but having a mast; the ensign is displayed on the starboard of the rear or the main mast.

The flag should always be raised, so that the top edge of the flag to reach the top of the ensign staff, of the gaff or of the mast.

There should be no other flag nor signal displayed from the top of the mast from which the ensign is hoisted. The ensign is flown from sunrise to sunset. When

што имаат еден јарбол, знамето се истакнува на надворешната страна на крменото, односно на главното едро.

Знамето секогаш треба да биде подигнато, така што горниот раб од знамето да го достигнува врвот на знаменото копје, сошката или јарболот.

На врвот од јарболот на кој се вее знамето, не треба да се вее друго знаме или да се истакнува друг знак. Знамето се вее од изгревање до заоѓање на сонцето. При средба со македонски воен брод, бродот на внатрешната пловидба на Република Македонија поздравува со еднократно бавно спуштање на знамето на една третина од висината на знаменото копје, сошката или јарболот.

Секогаш кога на бродот се наоѓа претседателот на Република Македонија, знамето се истакнува на предниот јарбол. Ако на бродот нема преден јарбол, знамето се истакнува на јарболот над командниот мост.

Доколку на бродот се наоѓа функционер на странска држава како почесен гостин на претседателот на Република Македонија, или на претседателот на Владата на Република Македонија, претседател или член на влада на странска држава или специјален пратеник на функционер на странска држава, со негово одобрување на предниот јарбол ќе се истакне и знамето на таа држава или стандардниот знак на странскиот претставник.

Во случаи кога претседателот на републиката со чамец се превезува до брод или обратно, знамето се истакнува на крмата на чамецот.

Ако странски претставник со чамец се превезува до брод или обратно, на крмата на чамецот се истакнува знамето на Република Македонија, а на прамецот на чамецот знамето на државата или стандардниот знак на странскиот претставник.

За свечени пригоди на бродовите знаме може да се истакнува на предниот прамчен јарбол во чест на странска држава или странски државјанин знамето на таа држава или на државата чиј државјанин е лицето на кое му се искажува почит, а на предното прамченото копје се истакнува знамето или грбот на градот или општината на пристаништето на уписот на бродот.

Доколку на бродот нема доволно јарболи и копја, знамето се истакнува на соодветни места видливи од сите страни. Истакнувањето на знаме на бродовите се врши и во денови на државните празници, а ако бродот е во странски води, кога тоа ќе го побара дипломатското, односно конзуларното претставништво на Република Македонија. На половина копје, сошка или јарбол, знамето на бродот се спушта во денови на жалост, во случај на смрт на бродот, до моментот на пренесување на починатиот на копно и во случај на превоз на починато лице,

meeting with a Macedonian military vessel, a Macedonian inland-navigation ship, greets it by dipping the ensign once for the third of the height of the ensign staff, of the gaff or of the mast.

Whenever the President of the Republic is onboard a ship, the national flag is displayed at the fore-mast. If the ship has no fore-mast, the flag is displayed on the mast above the command bridge.

If onboard a ship there is a foreign official as a honoured guest of President of the Republic or the President of the Government, a foreign prime-minister or a cabinet member or a foreign official envoy, the flag of that state or his standard will be displayed with his approval on the fore-mast.

In cases when the President of the Republic is transported by boat to or from a ship, the flag is displayed on the stern of the boat.

If a foreign representative is transported by boat to or from a ship, the flag of the Republic of Macedonia, is displeyed at the stern and flag of the state or the standard of the foreign representative at the bow of the boat.



For ceremonial purposes ships flag can hoist from the fore-mast the flag of a foreign state in honor of that country whose nationality is the person to which respect is being expressed, while on the jack staff is hoisted with the flag or the coat of arms the city or municipality of the port of registration of the ship. If the ship does not have enough masts and staffs, the flag is displayed on appropriate place visible from all sides.

The flags are hoisted on the ships on public holidays. If the ship is in foreign waters, the flags are hoisted also when it is so determined by the responsible diplomatic or consular mission of the Republic of Macedonia.

The flags are half-masted on the days of mourning, in case of death on the ship, until the transfer of the remains to the land and in the case of transportation of deceased until the moment of its transfer to the main-

до моментот на неговото пренесување на копно. Ако орган на странско пристаниште побара од заповедникот на бродот знамето да го спушти на половина копје, заповедникот доколку е тоа можно од најблиското дипломатско претставништво на Република Македонија ќе побара упатства за начинот на постапување. Во случај на прослава или жалост, странските бродови што се наоѓаат во домашни пристаништа треба да веат знаме како домашните бродови.

Знамето на Македонија се истакнува во денови на празниците на Македонија утврдени со закон на објектите во кои се сместени органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа, јавните служби, јавните установи и јавните претпријатија кои ги основа републиката, односно единицата на локалната самоуправа.

Знамето на Македонија се истакнува при испраќањето на претседателот на републиката од Република Македонија и пречекот на претседателот на републиката при враќањето од странство, како и при официјално доаѓање во Република Македонија, односно при испраќање од Република Македонија на претседател на држава, суверен или овластен претставник на меѓународна организација.

Знамето на Република Македонија се истакнува на превозните средства кои ги користи претседателот на републиката.

Исто така, знамето на Република Македонија се истакнува на половина копје во денови на жалост што ги определува Владата и во други случаи под услови и на начин утврден со закон.

Знамето на Република Македонија се истакнува на објектот во кој е сместено дипломатското или конзуларното претставништво на Република Македонија во странство, на резиденцијата на шефот на претставништвото и на превозните средства што тој лично ги користи во вршењето на службените должности, во согласност со соодветните меѓународни договори, прописите и обичаите во земјата во која се наоѓа претставништвото, односно правилата и практиката на меѓународната организација при која се наоѓа претставништвото.

Знамето на Република Македонија се истакнува во просториите во кои се гласа, училници, обредни сали, простории за состаноци и слично. При меѓународни средби, натпревари и други собири (политички, научни, културно-уметнички, спортски и други) на кои Република Македонија учествува или е презентирана, во согласност со правилата и практиката на одржувањето на тие собири. При прослави, свечености и други политички, културни, спортски и слични манифестации кои се од значење за Република Македонија, како и во приватниот

land. If a foreign port authorities require the captain to lower the flags to half mast, the captain, if possible, will seek instructions, from the nearest diplomatic mission



На јарбол со сошка
On the flagpole with a yardarm

of the Republic of Macedonia. In case of celebration or mourning, foreign ships that are in domestic ports are required to hoist flags as the domestic vessels.

The flag of Macedonia is displayed, on holidays of Macedonia as they are determined by the law, in front of the buildings accommodating government bodies, local government, public agencies, public institutions and public enterprises that are established by the Republic, or a unit of local government.

The flag of Macedonia is displayed on departures of the President of Macedonia and on welcoming the President on his return from abroad as well as on official visit to Macedonia by head of another state, sovereign or an authorized representative of an international organization.

The flag of the Republic of Macedonia is displayed on the vehicles used by the President of the Republic.

The flag of the Republic of Macedonia is displayed at half mast in mourning days when determined so by the Government and in other cases under the conditions and manner specified by law.

The flag of the Republic is displayed on the facility of the diplomatic or consular mission of the Republic of Macedonia abroad, the residence of the head officer and the vehicles that he personally use in the performance of official duties, in accordance with relevant international agreements, regulations and customs in the country in which the office or the rules and practice of international organizations in which the office is located.

The flag of the Republic of Macedonia is displayed in the premises were elections takes place, in classrooms, ceremonial halls, meeting rooms and similar. At international meetings, competitions and other gatherings (political, scientific, cultural, sports, etc.) in which the Republic of Macedonia participates or is presented in accordance with the rules and practice of such gather-

живот на граѓаните при празнување и во други случаи, ако неговата употреба не е спротивна на закон.

Во случаи кога знамето на Република Македонија се истакнува во Република Македонија заедно со едно или повеќе знамиња на други држави или меѓународни организации, знамето на Република Македонија се наоѓа во зависност од начинот на поставувањето на тие знамиња на следниве начини:

1. Ако знамињата се наредени во круг - во средината на кругот така што јасно да се гледа;
2. Ако другите знамиња се наредени во полукруг - во средината на полукругот;
3. Ако другите знамиња се наредени во колона - на чело на колоната;
4. Ако другите знамиња се наредени во ред - на прво место во редот, односно од левата страна гледано однапред;
5. Ако другите знамиња се распоредени во групи - на чело на групата.

Ако знамето на Република Македонија се истакнува заедно со други знамиња со вкрстени копја, копјето на знамето на Република Македонија мора да биде поставено пред копјата на тие знамиња, гледано однапред.

Ако знамето на Република Македонија се истакнува заедно со две други знамиња, знамето на Република Македонија се наоѓа во средина.

ings. It may also be used during the celebrations, ceremonies and other political, cultural, sports and similar events that are of importance for the Republic of Macedonia and in the private lives of citizens in celebrations and in other cases, if its use is not contrary to law.

In cases where the flag of the Republic is hoisted in Macedonia together with one or more flags of other states or international organizations, the flag of the Republic of Macedonia is in depending on the setting of these flags in the following ways:

1. If the flags are arranged in a circle - in the middle of the circle so clearly seen,
2 If other flags are arranged in a semicircle - in the middle of the semicircle,
3. If other flags are arranged in row - the head of the column
4. If other flags are arranged in a row - the first in line, on the left side viewed from the front
5. If other flags are arranged in groups - the head of the group.

If the flag of the Republic of Macedonia is displayed along with other flags with crossed spears, spear the flag of the Republic of Macedonia must be set in front of the spears of these flags, looking from front.

If the flag of the Republic is displayed along with two other flags, the flag of the Republic of Macedonia is situated in the middle.



на “Dannebrog”. Легендата вели дека знамето потекнува од Битката кај Линданисе, истотака позната како Битката на Валдемар (Дански: “Volmerslaget”), близу Линданисе (денешен Талин) во Естонија, на 15ти јуни 1219 година. Битката имала тежок тек, и Данците биле пред очигледен пораз. Но тогаш, токму кога Данците биле пред предавање, знамето се појавило на небото. Грабајќи го знамето пред да падне на земјата, кралот гордо го завеал пред неговите обесхрабрени војници, давајќи им надеж и водејќи ги до победата. Ова знаме, “Dannebrog”, им било дадено на Данците од самиот Господ, и од тој ден навака, тоа е знаме на Данска и на данските кралеви.

Меѓутоа, не постои ниту еден историски доказ кој би ја потврдил оваа древна легенда. Првите слики од црвеното знаме со бел крст датираат од средината на 14тиот век. Но, легенда или не, оттогаш па навака “Dannebrog” е националниот симбол на Данците, иако на обичните граѓани не им било дозволено да го веат пред 1854, до кога тоа било симбол само на кралот и државата. Во 1912 било решено дека на секој 15ти јуни ќе се слави Денот на Знамето, Валдемаровиот Ден.



“Dannebrog паѓа од небото” - К.А.Лоренцен, 1809 /
“Dannebrog falling from the sky” - C.A.Lorentzen, 1809

Интересно е да се забележи и дека најверојатно главниот град на Естонија, Талин, го добил името токму по оваа битка. Етимологијата вели дека сегашното име доаѓа од естонското “Taani linn”, значејќи “Дански град”.

Реалноста

Данскиот историчар Каспар Палудан-Милер во 1873 година, во својата книга “Sagnet om den himmelfaldne Danebrogsfane” (Легенда за паднатото од небо знаме Dannebrog) ја предлага теоријата дека знамето е всушност пратено од Папата до данскиот крал по повод неговите крстоносни походи во балтичките земји. Се знае дека и останатите кралеви и лордови добивале вакви знамиња.

Слична теорија била предложена и од данскиот истражувач, авантурист и капетан Јохан Штокел во

This is the story known to most Danes as the origin of the Dannebrog. The legend states the origin of the flag to be the Battle of Lyndanisse, also known as the Battle of Valdemar (Danish: “Volmerslaget”), near Lyndanisse (Tallinn) in Estonia, on June 15, 1219. The battle was going badly, and defeat seemed imminent. But then, right when the Danes were about to give up, the flag fell from heaven. Grasping the flag before it could ever touch the ground, the king took it in his hand, and proudly waved it in front of his discouraged troops, giving them hope, and leading them to victory. The flag, Dannebrog, was given to the Danes from God himself, and from that day forward, it was the flag of Denmark, and the Danish kings.

There is, however, no historical evidence to document this ancient legend. The first pictures of the red flag with the white cross dates back to the mid 14th century. But legend or not, since then has the Dannebrog been the national symbol of the Danes, even though the common Danes were not allowed to fly the Dannebrog before 1854, until which the Dannebrog was the symbol of the King and the State. In 1912 the day of June 15 has been proclaimed the Day of the Flag, Valdemar’s day.

It is also interesting to note that it is believed that the name of the capital of Estonia, Tallinn, came into existence after the battle. It is derived from “Taani linn”, meaning “Danish town” in Estonian.

The Reality

The Danish historian Caspar Paludan-Müller in 1873 in his book “Sagnet om den himmelfaldne Danebrogsfane” put forth the theory that it is a banner sent by the Pope to the Danish King to use in his crusades in the Baltic countries. Other kings and lords certainly received such banners.

A similar theory was suggested by Danish explorer, adventurer and Captain Johan Støckel in the early 20th century. He suggested that it was not a papal banner to the King but a papal banner to the Churchly legate in

раниот 20ти век. Тој вели дека тоа не било папско знаме пратено до кралот, туку до црквеното претставништво на Северот, поточно до архиепископот Андреас Сунесон, кој потоа, без знаење на кралот, во обид дополнително да се даде христијанска симболика на армијата (над кралскиот симбол) го носел во кралската крстоносна војна, притоа зајакнувајќи ја моќта на црквата.

Знамето на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска (Знаме на Унијата)

Историја на знамето

За разлика од Данска, не постои фолклорна легенда за потеклото на британското знаме. Кога Кралот Џејмс VI од Шкотска се искачил на англискиот трон, притоа станувајќи Џејмс I од Англија, националните знамиња на Англија и Шкотска продолжија да бидат, соодветно, црвениот крст на Св.Ѓорѓи и белиот крст на Св.Андреја. Но, настанала забуна за тоа кое знаме да се користи на море. На 12ти април 1606 била издадена следната прокламација:

Сите наши поданици на нашиот остров и нашето кралство на Велика Британија и неговите членови, мораат да веат знаме на врвот со црвен крст познат како крстот на Св.Ѓорѓи, и бел крст познат како крстот на Св.Андреја, споени заедно според формата назначена од нашите хералди и пратена на нашиот Адмирал кој ќе го издава на споменатите наши поданици"

Ова е првото познато споменување на Знамето на Унијата. Иако оригиналниот дизајн кој се споменува е изгубен, се претпоставува дека тоа е знамето на кое е придодаден крстот на Св.Патрик, и кое го формира основниот дизајн на британското Знаме на Унијата денес. Истотака, интересно е да се забележи дека новото знаме не било универзално популарно, ниту прифатено. Англичаните не биле презадоволни со затскривањето на белиот дел од знамето на Св.Ѓорѓи. Шкотите, пак, со поголемо право, биле незадоволни бидејќи црвениот крст е ставен над нивниот бел крст. Шкотите предложиле неколку алтернативни дизајни. Меѓу нив се следните предлози:

- Знамето на Св.Ѓорѓи, во неговиот кантон знамето на Св.Андреја
- Знамето на Св.Ѓорѓи со знамиња на Св.Андреја во секој квартер. Во овој бизарен дизајн белиот крст на Св.Андреја не се шири до ќошињата на знамето.
- Знамето на Св.Ѓорѓи со знамето на Св.Андреја во средината.



Првото знаме на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска / The first version of the flag of the United Kingdom of Great Britain and Northern Ireland

the North, more specifically to archbishop Andreas Sunesøn, which he – without the knowledge of the King – brought with him on the King's crusade in the Baltic countries, in an effort to make the army take on a Christian symbol (over the king's symbol) and thereby strengthen the power of the church.

The Flag of the United Kingdom of Great Britain and Northern Ireland (The Union Jack)

History of the flag

Unlike Denmark, the British flag has no legend in folklore regarding it's creation. When King James VI of Scotland ascended to the English throne, thereby becoming James I of England, the national flags of England and Scotland on land continued to be, respectively, the red St George's cross and the white St Andrew's cross. Confusion arose, however, as to what flag would be appropriate at sea. On 12 April 1606 a proclamation was issued:

"All our subjects in this our isle and kingdom of Great Britain and the members thereof, shall bear in their main top the red cross commonly called St George's Cross and the white cross commonly called St. Andrew's Cross joined together according to a form made by our heralds and sent to our Admiral to be published to our said subjects."

This is the first known reference to the Union Flag. Although the original design referred to has been lost, it is presumed that it was the flag which, with the addition of the St Patrick's cross, forms the basic design of the British Union Flag today. It is also interesting to note that the new flag was not universally popular nor accepted. The English were not overly pleased at the obscuring of the white field of the St George's flag. The Scots, with more justification, were upset at the fact that the red cross was laid over the white. The Scots proposed a number of alternative designs. These included:

- St George's flag with the St Andrew's flag in the canton
- St George's flag with a St Andrew's flag in each quarter. In this bizarre design the white cross of the St Andrew's flag does not extend to the corners of the flag.
- St George's flag with a St Andrew's flag in the centre.

Иван Нацевски

Воена хералдика

Потребата за обележување (китење и украсување) е стара колку и човештвото. Преку накитот и украсите човекот сака да покаже припадност, надмоќ, сталеж, навики. Воените украси и накит претставуваат голем дел од таа потреба да се различи своето од туѓото, пријателот од непријателот, водачот од водените. Се чини војната во сета своја грозоморност се јавува како двигател за создавање симболи.

Од древни извори дознаваме за тоа како биле облечени и украсени воините, водачите, главатарите. Знаеме за древногрчките хоплити и нивните штитови украсени со различни амблемни претстави на воловска глава, змија, утка, трозабец, делфин и др., за орелот како симбол на древноперсиската војска. Особено интересни се римските signa militaria претставени преку различен vexillum и легионската Aquila како и различните видови coronae како обележја за постигнати воени успеси. Од ова време доаѓаат и податоците дека древномакедонската фаланга чекорела sub signum и signa infestis...[1]

Првите грбови, всушност, претставуваат лична ознака на благородник од едно време кога благородништвото пред сѐ е војничко, т.е. воена аристократија. Крстоносните војни ќе предизвикаат промена во начинот на војување и видовите оружја и со тоа и на грбот како основен хералдички елемент[2]. Во тоа феудално општество носењето на ознаките на даден благородник претставувало и преданост до смрт. Таков пример е династичка борба меѓу црвените и белите рози во Англија (1455-1485 г.)[3].

Создавањето масовни војски на државна и национална основа во XIX век ќе предизвика уште една стапка во развојот на ознаките[4] и воената хералдика, чии последици се очевидни и денес во многу од тие армии. Во прв ред тука се знаците за припадност кон дадена војска (во државна смисла), ознаките за припадност кон дадена единица (чета, баталјон, полк, дивизија), ознаките за стручност, помината обука, добро поведение, припадност по род и вид војска итн. Така се појавуваат на сцена кокардите во национални бои или со државниот или монархистичкиот грб, а грбовите на одделни градови, околии, области се користат за ознаки на поединечни единици разместени на соодветното место[5]. Таков е примерот со шведската, финската, данската војска. Осознавајќи ја огромната важност на ознаките од секаков вид истовремено со нивниот забрзан развој ќе се појават и специјализирани служби задолжени за нивна изработка и одобрување.

Ivan Nacevski

Military Heraldry

The need for marking (decoration and embellishment) is as old as humanity. By decoration and embellishment one shows background, superiority, class, habits. The military insignias are a major part of the means to distinguish ours from theirs, a friend from foe and the leader from the led. It seems war in all its ferocity is an engine for the creation of symbols.

From ancient sources we have learned how the ancient warriors and chieftains were dressed and decorated. We know of the ancient Greek hoplite and their shields decorated with different emblems like the ox head, snake, owl, trident, dolphin etc, and the eagle like a symbol of the ancient Persian army. Especially interesting are the Roman Signa militaria represented by the different vexillums and the legions Aquila, and the different types of coronae, symbols of military success. From this age comes the knowledge that the ancient Macedonian phalanx marched sub signum and signa infestis…[1]

The first coats of arms were essentially personal insignia of noblemen in a time when the nobility was exclusively military aka military aristocracy. The Crusades caused a major change in the methods of warfare, arms used and by that a change to the coat of arms as a primary heraldic element[2]. In that feudal society carrying the insignia of a nobleman meant loyalty unto death. Such an example is the dynastic struggle between the White and Red Roses in England (1455-1485)[3].



Данска и Шведска градна значка / Danish and Swedish pins

The creation of mass armies in the XIX century on state and national grounds caused another step in the development of insignia[4] and military heraldry, consequences which are still obvious in many of the same armies. Primarily those are the insignia of belonging to an army (in a national sense), insignia of belonging to a unit (company, battalion, brigade, division), skill badges, badges for completed training, good conduct, service branch badges etc; And so appeared the cockades in national colors or with the coat of arms of the monarch. Meanwhile the coats of arm of towns, regions, prefectures were used as insignia for units situated in them[5]. This is the case with the Swedish, Finnish and Danish armies. Realizing the importance of any kind of insignia, simultaneously with their fast development

Во САД тоа е „US Army Institute of Heraldry“, во Франција историската служба при копнената војска, во Шпанија институтот за историја и воена култура.

Од современа воено-хералдичка гледна точка особено интересни се грбовите на копнените војски на САД, Шпанија и на Португалија. Овие ознаки се хералдички грбови во вистинска смисла на зборот (во американскиот случај се работи за среден грб, а кај Шпанците и Португалците за полни хералдички достигнувања). Според армиските регулативи, сите полкови и некои други единици на американската копнена војска можат да имаат свој сопствен грб[6]. Грбот се состои од штит, челенка и мото/девиза. Ова достигнување се користи како основа за создавање на т.н. „distinctive unit insignia“ (DUI)[7], ознака носена од сите припадници на плокот/единицата на нивните работни униформи. Друга намена на грбот е негово истакнување на полковиот стег „colors“[8].

Грбовите на шпанската „Ejercito de tierra“ се едни од најубавите и најбогатите примери на воено-хералдички достигнувања. Во себе тие вклучуваат повеќе хералдички елементи: а) штит, б) одликувачки знаци за род расположени во вид на кос крст зад штитот, в) шпанска царска круна над штитот, г) добиени воени одликувања (ордени и медали) под штитот, ако единицата е носител на највисокото можно воено одликување т.н. „laureada“, тогаш таа се појавува како ловоров венец украсен со сечива, д) боен клик „cri-de-guerre“, ѓ) име на единицата[9]. На ваков начин се добива едно моќно, неверојатно естетско и историски потковано средство за обосебување. Значајни и интересни се хералдичките достигнувања и на италијанската, руската, германската војска.



Шпански воен грб /
Spanish military coat of arms

Патиштата на военото дело и симболиката се преплетуваат во една прекрасна нишка налик на онаа генетската во која е запишан човечкиот бит, а тоа и' обезбедува сигурност на воената хералдика дека ќе биде дел од таа нишка и во десетлетијата што доаѓаат. Нам ни останува само да се надеваме дека скоро ќе дојде она време кога македонската војска ќе добие ознаки достојни на нејзината задача, подвизи и успеси со кои ќе може да се натпреварува со големите светски сили онака како што тоа го правела и прави на бојното поле.

specialized services appeared authorized for approving and creating them. In the US there is the Institute of Heraldry, in France the historical department of the Armée de Terre and in Spain Instituto de Historia y Cultura Militar.

From a modern point of view most interesting are the coats of arms of the Spanish, Portuguese and US armies. These insignias are coats of arms in a classical heraldic sense (in the case of the US Army a middle achievement and in the Spanish and Portuguese case a full achievement). According to the US Army Regulations all regiments and some other units of the Army may own coat of arms (CoA)[6]. The CoA consists of a shield, a crest and motto. This achievement is used as a basis for the creation of the distinctive unit insignia (DUI)[7], insignia worn by all the members of the unit on their uniforms. Other usage of the CoA is for the regimental colors[8].

The coats of arms of the Spanish Ejercito de Tierra are one of the finest and richest examples of military heraldic achievements. They incorporate a few heraldic elements: a) a shield, b) insignia of branch service positioned as a saltier behind the shield, c) Spanish royal crown over the shield, d) military decorations (orders and medals) under the shield, if the unit has the highest military decoration, the “laureada”, than it appears as a laurel wreath decorated with blades, e) motto „cri-de-guerre“, f) the name of the unit[9]. In this manner a powerful, amazingly aesthetic and historically precise device of identification is created. The achievements of the Russian, German and Italian armies are very interesting and important as well.

The paths of military profession and of symbolism came across in a beautiful thread like the one of the human gene and by that it secures a certainty that the military heraldry will be part of it in the decades to come. It leaves as only hope that in the years to come the Macedonian army will acquire the insignia appropriate to its assignment, achievements and success with which it can compete with the Great Powers as it has done and it still does on the battlefield.

---

1 Наде Проева, СТУДИИ ЗА АНТИЧКИТЕ МАКЕДОНЦИ, Скопје 1997 стр. 113
2 Јован Јоновски, ХЕРАЛДИЧКИ БУКВАР
3 Стивен Слейтер, ГЕРАЛЬДИКА ИЛЛЮСТРИРОВАННАЯ ЭНЦИКЛОПЕДИЯ, Москва 2005, стр. 160
4 Guido Rosignoli,THE ILLUSTRATED ENCYCLOPEDIA OF MILITARY INSIGNIA OF THE 20TH CENTURY, стр. 7
5 Стивен Слейтер, ГЕРАЛЬДИКА ИЛЛЮСТРИРОВАННАЯ ЭНЦИКЛОПЕДИЯ, Москва 2005, стр. 161
6 TIOH official web-site
7 …ibidem
8 …ibidem
9 Стивен Слейтер, ГЕРАЛЬДИКА ИЛЛЮСТРИРОВАННАЯ ЭНЦИКЛОПЕДИЯ, Москва 2005, стр. 163

Петар Гајдов

Орден „Илинден 1903“



**Илинденска споменица /
Ilinden memorial badge**

Во овој број го претставуваме третото по ранг државно одликување во нашата земја - Орденот „Илинден 1903“.

Според одредбите од Законот за одликувањата и признанијата на Република Македонија („Сл. весник на РМ“ бр.48/02), Орден „Илинден 1903“ се доделува на:

- истакнати личности во борбите за национално и социјално ослободување; за политичките затвореници

Предлог проектот за орденот „Илинден - 1903“, дело на Петар Гајдов, секретарот на МХЗ. Ова решение беше откупено од конкурсната комисија, но сепак се реши изгледот на новиот орден да биде редизајн на илинденската споменица, фактички првото одликување во Република Македонија

Интересно е да се спомене дека Орденот „Илинден 1903“, првично, со Законот за одликувања и признанија на Република Македонија („Сл. весник на РМ“ бр. 44/95) беше именуван како Орден „Илинден 1903-1944“ во чест на двата големи настани од историјата на Македонскиот народ кои се случиле во предвечерјето на големиот христијански празник посветен на Св. Илија – Илинден, првиот на 02.Август 1903 година, а вториот на 02.Август 1944 година. Со Законот за одликувања и признанија на Република Македонија („Сл. весник на РМ“ бр. 48/02) беше утврден денешниот назив Орден „Илинден 1903“.

Petar Gajdov

Order “Ilinden 1903 “



**Орденот “Илинден 1903” /
The Order “Ilinden 1903”**

In this issue of “Macedonian Herald” we present the third-ranking state honors in our country - Order “Ilinden 1903 “.

According to the Law for Decorations of the Republic of Macedonia (“Official gazette of Republic of Macedonia br.48/02) the Order “Ilinden 1903” is awarded to:

- Prominent persons in the struggles for national and social liberation, for political prisoners and persons

The proposed project Order “Ilinden - 1903”, work of Petar Gajdov, the Secretary of MHS. This solution was bought out by the Competition Commission, but it was nevertheless decided that the layout of the new medal would be a redesign of the Ilinden memorial medal, in fact, the first award in the Republic of Macedonia.

It is interesting to mention that the Order of “Ilinden 1903”, under the Law on Decorations and Awards of the Republic of Macedonia (Official Gazette No. 44/1995) was initially named Order of “Ilinden 1903-1944” in honor of the two big events from the history of the Macedonian people that happened on the eve of the big Christian holiday dedicated to St. Ilija – Ilinden, the first one on 2 August 1903, and the second one on 2 August 1944. The current name of the Order of “Ilinden 1903” was determined under the Law on Decorations and Awards of the Republic of Macedonia (Official Gazette No. 48/2002).



и лица прогонувани, судени и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност; на лица, државни органи, установи, владини и невладини организации и слично, кои со нивни посебни залагања придонеле во создавањето на суверенота, независноста, територијалниот интегритет на Република Македонија; како и за исклучителен придонес за нејзиниот државно-правен и општествен развој и за јакнење на односите на заедниците во Република Македонија и

- лица за извонредни дела и заслуги на полето на безбедноста и одбраната на Република Македонија, како и за меѓународна соработка на овие полиња.

Орденот има основна форма на четворокрака ѕвезда. Ѕвездата на орденот е со сребрена боја, врз која е поставен позлатен стилизиран венец од две ловорови гранчиња, кои се споени во основата со стилизиран јазол, а во врвовите се одвоени. Овие стилизирани ловорови гранчиња се протегаат врз сите четири краци од орденската ѕвезда. Во средината е аплициран сферен диск со дијаметар од 30 мм, со златна боја, кој е изгравиран со прави линии од центарот кон крајната линија на кружницата. На дискот во предниот план релјефно е претставен знаменосец со високо кренато и развиорено знаме во рацете, облечен во одора на борец од Илинденското востание – комита, а зад него се претставени стилизирани фигури на борци, сите во сребрена боја. Под фигурите на борците, во долниот внатрешен дел од сферниот диск, следејќи ја линијата на кружницата, поставен е текстот „ИЛИНДЕН 1903“ на македонски јазик, со кирилско писмо, исто така со сребрена боја.

Орденот е изработен од сребро со чистота од 925 промили и 24-каратна позлата. Димензиите на Орденот се 71 мм во дијаметар, тежина 76 грама и дебелина од 4,4 мм.

Редниот број на орденот, жигот за чистота на металот од кој е изработен и жигот на производителот се втиснати на заднината на орденската ѕвезда.

Орденот „Илинден 1903“ не беше изработен по ново идејно решение, туку беше направен редизајн на Илинденската споменица од 1953 година. („Службен весник“ број 16 на Народна Република Македонија од 19.6.1953 год.).

За најдоброто идејно решение за Орденот „Илинден 1903“ откупна награда му беше доделена на Петар Гајдов, а редизајнот на Илинденската споменица од која произлезе изгледот на Орденот „Илинден 1903“ го направија професорот од Факултетот за ликовни уметности Костадин Танчев-Динка и академскиот сликар Владимир Боројевиќ.

Орденот „Илинден 1903“ досега не е доделен ниту еднаш.

persecuted, prosecuted and imprisoned for the ideas of independence of the Macedonian people and state, for individuals, government bodies, institutions, governmental and nongovernmental organizations and the like, which by their special efforts have contributed in creating the sovereignty, independence, territorial integrity of Macedonia, as well as for her outstanding contribution to the state - legal and social development and strengthening of relations between communities in Macedonia and

- Persons of outstanding merit and works in the field of security and defense of the Republic of Macedonia, as well as international cooperation in these fields.

The Order has basic form of four-pointed breast star. The star of the Order is with silver color, which is set on gold stylized laurel wreath of two branches which are joined at the base with a stylized knot, and the peaks are separated. These stylized laurel branches extend over all four slings of the breast star. In the middle there is a spherical disk with diameter of 30 mm in golden color, which is decorated with straight lines from the center to the final line of the circle. On the disk in the foreground is represented relief of a soldier with raised flag in hand, dressed in apparel of a combatant of the Ilinden Uprising, and behind it there are stylized figures of soldiers presented, all in silver. Under the figures of the warriors, in the lower part of spherical inner disk, following the line of the circle, is written the text “ILINDEN 1903” in Macedonian language and Cyrillic alphabet, also with silver.

Decoration is made of silver with purity of 925 and 24 karat gold plated. The dimensions of the Order is 71mm. in diameter, weighing 76 grams and thickness of 4.4 mm.

The serial number of the Order, the brand of purity of the metal from which is made, the state brand of control of the quality and the brand of the producer is implicated on the back side of the Order’s star.

The Order “Ilinden 1903.” was not made by a new design, but it was made as redesign of “Ilinden memorial badge” since 1953. (Official Gazette No. 16 of the People’s Republic of Macedonia Year 19.06.1953.).

The best design for the Order of “Ilinden 1903“, purchase prize was awarded to Petar Gajdov, and redesign of Ilinden memorial badge from which it emerged is the appearance of Order “Ilinden 1903” was made by professor of the Faculty of Fine Arts Kostadin Tanchev-Dinka and an Academic painter Vladimir Borojevic.

The Order “Ilinden 1903.” has not been awarded yet.

Македонски хералдички терминолошки речник

Во минатиот број се запознавме со основните, чесни фигури или ординарии (првостепени фигури). Во овој број ќе разгледаме уште неколку својства на ординариите и ќе преминеме на субординариите или второстепени фигури.

Ординариите и нивните димунитиви, по правило се протегаат од едниот до другиот раб на штитот. Сепак, тие можат да имаат таква форма кога тие се целосно одвоени од работ на штитот и тогаш станува збор за **отсечена** фигура (отсечен појас (1.3)).

Друго својство на ординариите како и на некои од фигурите, пред сè оние геометриските е **орамување**, или фимбријација, кога од ординаријата или фигурата е останата само рамката (орамен столб (1.2), орамена шестокрака ѕвезда (1.3).



Субординариите се втори по значење по чесните фигури или ординариите. Тие секогаш се поставуваат последни, врз штитот, но и на некои од самите нив може да има грбовни фигури. Субординарии се:

Обраб или бордура, кога работ на штитот преставува друго поле, кое може да биде обоено во боја или крзно, да биде поделено како и поле на штитот. Јасно, со оние поделби кои имаат смисла на особеностите на обликот на обработ. Тој може да биде и посејан и на него да има други фигури. Во шкотската хералдика обработ е знак за каденција, односно со видот на обработ се означува и редот на наследувањето (обраб сино (сл.2.1); обраб расечен сино и црвено (сл.2.2), Злато, три црвени круни, обраб зелен посеан со лилјани (сл. 2.3))



Ореол или внатрешна бордура, потенка од бордурата и е вовлечена во самиот штит и бидејќи е потенок, тој може да биде обоен само со боја или метал (сл. 3.1). Внатрешната бордура може да биде и двојна. Таа може да биде и од посебен вид, како што е во грбот на Шкотска каде таа е двоен ореол



- лилјан контра лилјан

Четврт, е фигура која зазема четвртина од штитот и се наоѓа во горниот десен агол (сл. 3.2). Доколку се наоѓа на левата страна, тогаш станува збор за лев четврт.

Кантон, е квадратна површина која како и Четвртот се наоѓа во десна глава (горниот десен дел од штитот), но е со помали димензии. Кантонот преставува посебно поле и често се користи за на него да се стават симболи на почести (сл.3.3).

Јака, или турнирска јака е фигура која во англиската хералдика се користи како знак за каденција за најстариот син, кој ја носи јаката до смртта на таткото, носителот на грбот, кога всусност најстариот син станува и законски носител на грбот (сл. 4.1). Оваа фигура може да се најде и во други позиции на штитот, но тогаш го нема ова значење на бризура.

Штитче, е фигура која се јавува во средината на штитот и, слично како кантонот, птеставува посебно поле, но овојпат на него можат да се стават грбови на функција, или на наследство, како што е обичај во англиската хералдика сопругот го става грбот на сопругата (нејзиниот татко) доколку таа е последен наследник во случај кога нема браќа. Штитчето може да се јави и како обична фигура и тогаш го нема ова значење на спојување на два грба. На овој начин се формирани и грбовите на хералдот и персевантите на МХЗ. (Грбот на Кирил Трајковски како персевант на МХЗ, сл.4.2)).

Плет, е фигура која преставува преплет на две потенки превези и квадратна рамка во средината на штитот (сл. 4.3). Кога плетката се повторува повеќе од еднаш, станува збор за **преплет.**



Активности на МХЗ

Во периодот непосредно по излегувањето од печат на четвртиот број на гласникот „Македонски Хералд“, продолжија активностите на МХЗ со промовирање на хералдиката како и останатите помошно-историски науки вексилологијата, фалеристиката и така натаму.

Во тие насоки беа организирани неколку предавања. Меѓудругото, предавање одржа Проф. д-р. Иван Балта од Филозофскиот факултет во Осијек, на тема „Основи на симболиката и иконографијата“. Предавањето се одржа во просториите на библиотеката „Браќа Миладиновци“ и предизвика голем интерес. Во Охрид на 12 0ктомври 2010 година во клубот „Има време“ основно предавање од областа на хералдиката одржа претседателот на МХЗ Јован Јоновски. Исто така во првата седмица од декември 2010 хералдичарот Стојанче Величковски во Подрачното основно училиште „Илинден“ во село Конопница, Крива Паланка одржа предавање за значењето и процесот на креирање на симболите додека учениците имаа можност во воспоставената on-line комуникација да поставуваат прашања во текот на креирањето на симбол на своето одделение. Овој проект, во конкуренција на повеќе од 400 наставници и 137 основни училишта од Република Македонија ја освои првата награда за најиновативни одделенски наставници и училишта.

Од 12 до 17 септември 2010 година се одржа 29. меѓународен конгрес на генеолошки и хералдички науки во Штудгарт, Германија. На овој конгрес учество зема и МХЗ при што на 14.09.2010, во Штутгарт, на Генералното Собрание на Интернационалната Конфедерација за Генеологија и Хералдика (CIGH), господинот Мишел Тејар д`Ери, претседател на CIGH, го прогласи МХЗ за полноправна членка на CIGH.

Беа реализирани и неколку гостувања во телевизиски и радио емисии. На ТВ МТМ во два наврати свое гостување имаше претседателот на МХЗ Јован Јоновски, по повод приемот на МХЗ во CIGH.

Исто така, во „Ноќна програма“ на Македонското Радио на 28.02.2011, гостуваше хералдичарот Стојанче Величковски, при што беа опфатени темите за хералдиката во Македонија, македонските грбови, месната хералдика, постапката на креирање на лични и семејни грбови, како и актуените активности на МХЗ.

Activities of MHS

In the period immediately following the publishing of the fourth issue of Macedonian Herald, MHS continued with its activities for promotion of heraldry and other auxiliary sciences of history – vexillology, faleristics, etc.

In this direction, several lectures were organized. Among other things, a lecture was also held by Prof. Dr. Ivan Balta from the Faculty of Philosophy in Osijek, on the topic of “Basics of Symbolism and Iconography”. The lecture was held at the Braka Miladinovci library, attracting great interest. In Ohrid, on October 12, 2010, at the “Ima Vreme” club, the President of MHS, Jovan Jonovski, held a basic lecture on heraldry.

Also, in the first week of December 2010, at the “Ilinden” regional primary school in the village of Konopnica, Kriva Palanka, heraldist Stojance Velickovski held a lecture on the importance and the process of creating symbols, and the pupils, through online communication, had the opportunity to ask questions while creating a symbol of their class. This project, in competition of more than 400 teachers and 137 primary schools from the Republic of Macedonia, won the first prize for most innovative teachers and schools.

From 12 to 17 of September, 2010, the 29th International Congress of Genealogical and Heraldic Sciences took place in Stuttgart, Germany. This congress was also attended by MHS, and on September 14, 2010, in Stuttgart, at the General Assembly of the International Confederation of Genealogy and Heraldry (CIGH), Mr. Michel Teyar D’Eri, president of CIGH, declared MHS a full member of CIGH.

There were also several guest visits to television stations and radio shows. The president of MHS, Jovan Jonovski, had two guest visits to MTM TV, on the occasion of the reception of MHS into CIGH. Heraldist Stojance Velickovski also had a guest visit to the Night Program on the Macedonian Radio, on February 28, 2011, whereby the following topics were covered: heraldry in Macedonia, Macedonian arms, local heraldry, procedure of creating personal and family arms, and current activities of MHS.



Плакат за предавањето на проф. д-р Иван Балта
Poster for the Lectures of Prof.Dr. Ivan Balta







Хералдите на МХЗ Јован Јоновски и на Република Словачка, Ладислав Вртел — The Heralds of MHS Jovan Jonovski and of the Republic of Slovakia, Ladislav Vrtel

десно/right **Стојанче Величковски во Подрачното основно училиште „Илинден“ во с. Конопница, Крива Паланка, одржи предавање на тема Симболите и хералдиката — Stojance Velickovski in the elementary school “Ilinden” in Konopnica, Kriva Palanka held lectures Simbols and Heraldry**

горе/top **Игор Сахаров, Хералдичка комисија при Претседателот на Русија (ХКПР); Мишел Тејард Д ејри, претседател на CIHG; Александар Алексиев, БХВО, Јован Јоновски, МХЗ; Пјер Феличе Дељи Уберти, претседател ICOC, Станислав Думин, ХКПР — Igor Sakharov, Heraldry commission of the President of Russia (HCPR); Michel Teillard d'Eyry, President CIHG, Aleksandar Aleksiev BHVO, Jovan Jonovski, MHS, Pier Felice degli Uberti, president ICOC**

Хералдички регистар

Во овој број го претставуваме грбот на Ставре Циков од Скопје, заведен во регистарот под број 01/011. Ставре Циков е писател, адвокат, судија и некогашен јавен обвинител на Република Македонија. Циков е роден е во Полска во семејство на бегалци од Костурско; Блазонот на грбот е:

Штит: Сино, Златен Грифин качен на црвена основа од три ритчиња во подигање, кој во раката држи крст потпрен на основата од чиј центар зрачи сонце;

Челенка: Златна крилата рака која држи крст од чиј центар зрачи сонце;

Девиза: Слобода, Правда, Вера.

Автор на блазонот и емблазонот е хералдот Јован Јоновски.



Heraldic Register

In this issue we present the Coat of Arms of Stavre Dzikov from Skopje, registered in the Register under #01/011. Stavre Dzikov is a writer, lawyer, judge and former Public Prosecutor. He is born in Poland to a family of Macedonian refugees from Kostur region, now in our day Greece (Kastoria); The blazon of the arms is:

Arms: Azure a Gryphon segreant holding a staff Cross surmounted with a sun rayed all Or in base a triple mount Gules.

Crest: A lion's gamb grasping a Cross as in the shield between two wings Or.

Motto: Слобода, Правда, Вера (Sloboda, Pravda, Vera – Freedom, Justice Faith).

Blazon and the emblazon by herald Jovan Jonovski.

ISSN 1857-5544